ССМ СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА | FEDERATION OF TRADE UNIONS OF MACEDONIA

ДО: Државен инспекторат за труд
в.д Директор
Јована Тренчевска

СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
Совет на Сојузот на синдикатите на Македонија
Бр. 0302-409/1
18.12.2020 год.
СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: Одговор на Ваше Барање толкување со ваш бр.69-6382 од 11.12.2020 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
MINISTRIA E PUNËS DHE POLITIKËS SOCIALE
Државен инспекторат за труд - Скопје
Inspektorati shtetëror i punës - Shkup

| Примено: Pranuar më: | 18 DEC 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 09 | 6382/2 | / | / |

Почитувани,

До Сојузот на синдикатите на Македонија, Комисија за следење и примена на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството од Ваша страна доставено е Барање толкување со Ваш бр. 69-6382 од 11.12.2020 година, а пристигнато до ССМ електронски на 16.12.2020 година и по пошта на 17.12.2020 година.

Ве информираме дека Комисијата за толкување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството веќе има изготвено толкувања на 10.12.2015 година и 29.03.2018 година со кои покрај другото се одговара и на Вашето барање.

Ве информираме дека за доставувањето на овие толкувања, по добивањето на Вашето Барање толкување, направени се консултации помеѓу членовите на Комисијата и истата е согласна во насока на одговор на Ваашето барање да се достават толкувањата од 2015 и 2018 година до Вас.

Во прилог Ви ги доставуваме истите за Ваше понатамошно постапување.

Прилог:
1.Толкување бр.0101-551/1 од 10.12.2015 година
2.Известување бр.0302-115/1 од 29.03.2018 година

Со почит,

Комисија за толкување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството

Претседател

Живко Даневски

Сојуз на синдикатите на Македонија „12-та Македонска Ударна Бригада" 2-А, 1000 Скопје, Македонија | тел/факс: +389 2 3161 374
е-пошта: info@ssm.org.mkвеб:www.ssm.org.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
СКОПЈЕ 1
30-03-2018

| Примено: | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

ССМ
Сојуз на синдикатите на Македонија
Совет на Сојузот на синдикатите на Македонија
бр. 0302 - 113/1
29.3.2018 год.
СКОПЈЕ

До

Република Македонија

Влада на РМ

Министерство за труд и социјална политика

Предмет : Известување

Министерството за труд и социјална политика организираше состанок ( на 28.2.2018г ) со претставници на ССМ и ОРМ , членови на Комисијата за толкување на ОКД за приватниот сектор од областа на стопанството и претставник од ДИТ , во врска со Барањето ( бр. 08-1726/1 од 5.2.2018 ) за испраќање на насоки до ДИТ за воедначена примена на одредбите кои се однесуваат на регрес за годишен одмор доставено од Хелсиншкиот комитет на човекови права на РМ до МТСП .

МТСП достави Барање за толкување ( бр. 08-1726/2 од 14.3.2018 ) до Комисијата за толкување на ОКД за приватниот сектор од областа на стопанството за нејзино понатамошно постапување .

Комисијата за толкување на ОКД за приватниот сектор од областа на стопанството одржа состанок на 6.3.2018 година .

На состанокот членовите на Комисијата истакнаа дека и во врска со поднесеното барање на Хелсиншкиот комитет на човекови права на РМ треба да се користи толкувањето на Комисијата за примена на одредбите за регрес бр. 0101-511/1 од 10.12.2015 година , кое во прилог Ви го доставуваме .

Во насока на допрецизирање на Толкувањето (бр. 0101-511/1 од 10.12.2015 г) Комисијата истакнува дека жените кои користат отсуство поради бременост и раѓање ( односно се на породилно боледување) , а се во работен однос шест месеци кај ист работодавач во календарската година имаат право на исплата на надомест на регрес за годишен одмор.

Прилог : Толкување бр. бр. 0101-511/1 од 10.12.2015

Комисијата за толкување на ОКД за

приватниот сектор од областа на стопанството

Претседавач

Живко Даневски

0101-511/1
10.12. 15

Врз основа на член 67 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството (Пречистен текст - Сл. Весник на РМ бр. 115/14) и Спогодба за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството (Сл. Весник на РМ бр. 119/15). Комисијата за следење на примената и за давање толкување на колективниот договор, постапувајќи по барањата за толкување на член 35, став 1, алинеја 7 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, кој се однесува на правото на регрес на годишен одмор, го дава следното

# ТОЛКУВАЊЕ

Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството е ЗАДОЛЖИТЕЛЕН за сите работници и работодавачи кои работат во приватниот сектор од областа на стопанството.

Правото на надомест на трошоците поврзани со работа како што е правото на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 40% од основицата под услов работникот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај ист работодавач. Поточно работодавачот е обврзан во годишниот финансиски план навремено да ја предвиди оваа финансиска обврска како финансиски расход за секоја наредна година.

Регресот за годишен одмор задолжително се исплатува на оние работници кои во календарската година работеле најмалку шест месеци кај ист работодач, независно во кој период во календарската година, а со тоа и оствариле право на годишен одмор за таа година.

Правото на исплата на надомест на регрес за годишен одмор не е врзан со моментот на донесувањето на одлуката од страна на работодавачот туку со фактот дали работникот со крајот на календарската година работел или ќе работи најмалку шест месеци.

Износот на регресот се утврдува според основицата која важи на денот на донесувањето на Одлуката за исплата на регрес.

Регресот за годишен одмор се исплаќа еднаш во текот на годината, а најдоцна до завршувањето на календарската година за која работникот го остварил правото на годишен одмор.

Во однос на правото на надомест на регрес за годишен одмор за жените кои се на породилно отсуство, се постапува согласно позитивните законски прописи.

Комисијата за толкување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството нема овластување да ги ослободува стопанските субјекти од исплатата на надомест на регрес за годишен одмор, туку таа само е задолжена за следење на примената и за давање толкување на одредбите на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството

Според Спогодбата за изменување на овој колективен договор објавена во Службен весник на РМ бр 119/15 од 14 јули 2015 година кај работодавачот кај кој настанале потешкотии во работењето, ценејќи ја економско-финансиската состојба на работодавачот, по задолжителна претходна консултација со синдикатот на ниво на гранка односно оддел, со спогодба потпишана од работодавачот и репрезентативната синдикална организација може да се утврди регрес за годишен одмор во помал износ од износот утврден со овој колективен договор.

Кај работодавачите во кои нема формирано синдикат спогодбата се потпишува со избран претставник од работниците.

Толкување од 04.12.2015

**Комисијата за толкување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството**

Претседавач
Живко Даневски